Дневни билтени



## Извадок на дел од дневни настани 23.09.2019

На 22.09.2019 околу 23.40 часот полициски службеници на СВР Тетово во село Горно Седларце, тетовско, го привеле Х.А.(21) од Тетово, поради тоа што при преглед на патничко возило „мерцедес“ со тетовски регистарски ознаки, кое тој го управувал, била пронајдена марихуана. По целосното документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 22.09.2019 во 14.20 часот полициски службеници од СВР Скопје на бул. „АСНОМ“ го привеле П.П.(24) од Охрид, затоа што при извршен преглед кај

него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Во текот на 20, 21 и 22.09.2019 на подрачјето на СВР Скопје преземени се мерки и активности и констатирано е дека **72** возачи управувале возила со брзина поголема од дозволената. Од сообраќај се исклучени **114** возачи, од кои: **50** возачи затоа што управувале возила под дејство на алкохол, **58** возачи затоа што управувале возила без да се стекнат со право на управување на моторно возило и **шест** возачи-почетници кои не ги почитувале сообраќајните прописи согласно ЗБСП. Исто така, исклучени од сообраќај се и **53** возила, од кои **едно** возило бидејќи било технички неисправно и **52** возила бидејќи биле нерегистрирани. Санкционирани се **осум** возачи поради поминување на крстосница на црвено светло, **тројца** возачи поради недавање првенство на минување на пешаци, **пет** возачи поради неправилно престигнување, **16** возачи на мотоцикли поради неносење заштитен шлем, **11** возачи поради неносење сигурносен појас за време на управување на моторно возило и **19** возачи поради користење на мобилен телефон при управување на возило. Во однос на пешаците, санкционирани се **тројца** пешаци поради поминување коловоз вон пешачки премин. Во текот на изминатите денови издадени се **194** мандатни платни налози и **152** возила се подигнати со специјално возило „пајак".

Во периодот од 23.00 часот на 21.09.2019 до 05.00 часот на 22.09.2019 на подрачјето на СВР Струмица била спроведена акциска контрола за откривање на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол. Притоа, кај **23** возачи било утврдено присуство на алкохол во организмот и тие биле соодветно санкционирани.

Во периодот од 23.00 часот на 21.09.2019 до 05.00 часот на 22.09.2019 на територијата на СВР Велес била извршена контрола за откривање на возачи кои управуваат возило под дејство на алкохол. Притоа, констатирани се вкупно **22** прекршоци, од кои **седум** во Велес, **девет** во Кавадарци и **шест** во Неготино. На возачите им се изречени соодветни казни.

Полициски службеници од СВР Битола на 21 и 22.09.2019 извршиле контрола за брзина, управување без возачка дозвола, нерегистрирани возила, непочитување првенство. Притоа, констатирано е дека **32**возачи управувале возило без возачка дозвола, **19** возила биле нерегистрирани, брзината ја надминале **64**возачи, а **двајца** возачи зборувале на мобилен додека управувале возило. За сите неправилности издадени се соодветни санкции.

На 22.09.2019 во 15.20 часот на крстосница од регионалниот пат Гостивар-с.Градец и локалниот пат за с.Пожаране се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „пежо 206" со гостиварски регистарски ознаки, управувано од Ф.Р.(51) од с.Врапчиште и велосипед управуван од 11-годишен малолетник од с.Топлица. Во незгодата велосипедистот се здобил со тешки телесни повреди и бил пренесен во Медицинскиот центар Гостивар за

укажување на лекарска помош. Увид на местото на настанот извршила екипа од Полициската станица Гостивар.

На 21 и 22.09.2019 на подрачјето на СВР Тетово била спроведена акциска контрола за откривање на возачи кои управуваат возила по дејство на алкохол. Притоа, било констатирано дека **24** возачи (ТЕ-16 и ГВ-8) управувале возило под дејство на алкохол и сите се исклучени од сообраќај и соодветно санкционирани. На **23**(ТЕ-15 и ГВ-8 ) од нив времено им биле одземени возачките дозволи. Во акциската контрола биле утврдени и **18** други видови прекршоци (ТЕ-5 и ГВ-13).

Во периодот од 16 до 23.09.2019 на подрачјето на СВР Куманово преземени се мерки и активности и констатирано е дека **21** возач управувале возила со брзина поголема од дозволената, од сообраќај се исклучени **64** возачи (**29** возачи кои управувале под дејство на алохол и **35** возачи управувале возила пред да се стекнат со право за управување на моторно возило). Од сообраќај се исклучени **24** возила, бидејќи биле нерегистрирани и **четири** поради техничка неисправност. Санкционирани се **двајца** возачи поради неправилно престигнување и **еден** поради недавање првенство на пешаци, **еден** поради некористење сигурносен појас и **еден** поради користење мобилен телефон за време на управување на моторно возило. Во текот на изминатата недела издадени се **195** мандантни платни налози, **101** прекршочен платен налог, а **89** возила биле подигнати со специјално возило „пајак".

СВР Велес – Полициската станица Кавадарци поднесе кривична пријава против З.Ј.(45) од Кавадарци поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „кражба" на вода, казниво по член 235 став 1 во врска со член 122 точка 17 од Кривичниот законик. Пријавениот, пред околу 10 години, без одобрение од Јавното претпријатие „Комуналец" од Кавадарци, на место викано „Катуниште", со спојка и црево долго неколку стотици метри се приклучил на одводна цевка која излегува од хидроцентрала бр.3 и во период од 10 години ја користи водата за наводнување на неговиот лозов насад со површина од 4282 метри квадратни.

Во периодот од 23.00 часот на 21.09.2019 до 05.00 часот на 22.09.2019 СВР Штип спроведе засилена акциска контрола за откривање на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол. Од извршената контрола било констатирано дека кај **10** возачи било утврдено присуство на алкохол. Сите биле исклучени од сообраќај, одземени им се возачките дозволи и на сите им се издадени мандатни платни налози. Санкционирани се и **15** останати прекршоци.

На 22.09.2019 во 14.00 часот во Полициската станица Гевгелија, А.Д.(28) од Богданци пријавил дека на планината Кожуф, на место викано „Сува рупа", на непристапен терен, се лизнал и ја скршил ногата. Од екипа од Единицата за специјални задачи при МВР, со хеликоптер на МВР, повредениот бил извлечен и бил пренесен во Комплексот клиники „Мајка Тереза" во Скопје за укажување на лекарска помош. Увид извршила екипа од Полициската станица Гевгелија.

На 22.09.2019 во 18.50 часот во Полициската станица Гостивар било пријавено дека на 50 метри пред железничката станица Гостивар, патнички воз кој сообраќал на релација Скопје - Кичево удрил во камења поставени на пругата, по што продолжил со движењето. Нема оштетувања на возот и нема повредени лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 22.09.2019 во 23.20 часот во СВР Скопје, З.Б.(51) од Скопје пријавил дека околу 22.15 часот во Психијатриска болница Скопје бил физички нападнат од М.О., вработен како обезбедување во болницата. Според пирјавеното, причина за физичкиот напад била расправија поради обид на пријавителот да го паркира неговото возило во кругот на болницата. Се работи на расчистување на случајот.

На 23.09.2019 во 01.00 часот во СВР Скопје, Н.Х.(41) од Скопје пријавил дека околу 00.00 часот во угостителски објект на ул.„Благоја Стефковски", тој и А.С.(35) биле физички нападнати од С.Н.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 22.09.2019 во 22.30 часот во СВР Куманово, Р.С.(65) од Куманово пријавил дека во неговиот дом на ул.„Драги Шутевски", неговите синови И.С.(30) и Е.С.(17) извршиле разбојништво над него. Според пријавеното, тие со употреба на сила влегле во домот и му одзеле пари. За време на увидот парите биле пронајдени во дворот. По расчистување на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Прилеп поднесе кривична пријава против С.Т.(48) од Прилеп поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „лихварство". Во текот на јули 2019, П.Ј. од Неготино од пријавениот побарал на заем 70.000 денари, кој го условил со несразмерна камата. Притоа, пријавениот, како залог зел комбе, сопственост на П.Ј. и бугарска патна исправа на име на П.Ј. Според пријавеното, тој во четири наврати на пријавениот му исплатил вкупно 25.000 денари како камата, а кога на 06.09.2019 отишол да го исплати долгот, пријавениот не ги зел парите и го задржал комбето за себе.

На 22.09.2019 во 12.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во автоперална на ул.„Народен Фронт", по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу В.В.(30) и А.В.(22) од една страна и С.Г.(50) и А.Г.(28) од друга страна, сите од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Ј.А.(23) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „спречување службено лице во вршење службено дејствие". На 13.08.2019 во Тетово, полициски службеници извршиле преглед на патничко возило, управувано од Ј.А., брат на пријавениот, при што пронашле и одзеле остатоци од марихуана. Притоа, пристигнал пријавениот и ги попречувал полициските службеници при преземањето на понатамошни службени дејствија.

На 22.09.2019 во 23.00 часот во СВР Скопје, Д.К.(28) од Скопје пријавил дека во стан во Скопје, со закана со пиштол бил физички нападнат од неговиот сосед Н.Р.(29) од Скопје. Според пријавеното, причина за нападот биле нарушени соседски односи. По расчистување на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кавадарци поднесе кривична пријава против Ѓ.И.(33) од Кавадарци поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори" и против С.Т.(22) од с.Кнежје, светиниколско, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори" и „спречување на докажување". На 28.05.2018 на ул.„Козара" во Кавадарци полициски службеници извршиле претрес во домот на првопријавениот, во кој престојувала и второпријавената, при што пронашле и одзеле хероин, метадон и дигитална вага со остатоци од хероин.

На 22.09.2019 во 20.30 часот во Полициската станица Кисела Вода, И.И.(38) од село Јаболци пријавил дека околу 15.30 часот во с.Брезница Т.И. му упатил закани со пиштол. Според пријавеното, причина за нападот бил нерасчистени должничко-доверителски односи. По расчистување на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар, во соработка со Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди на 22.09.2019 околу 13 часот го лиши од слобода А.Б.(50), полициски службеник вработен во Регионален центар за гранични работи Запад, поради сомнение за злоупотреба на службената должност. Имено на 21.09.2019 околу 16.20 часот, на регионалниот пат Маврови Анови - Дебар, А.Б. надвор од работното време, облечен во полициска униформа, запрел патничко возило „киа" со охридски регистарски ознаки, што го управувал холандскиот државјанин П.В.Н.(61) и за наводен сообраќаен прекршок му земал поткуп од 20 евра. По преземени мерки и дејствија, осомничениот полициски службеник со кривична пријава предаден е на надлежен судија на претходна постака.

СВР Битола поднесе кривична пријава против А.Б.(40) од Битола поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување пари". На 21.05.2019 околу 13.00 часот во Битола, при купување на мобилен телефон од друго лице, пријавениот платил со три фалсификувани банкноти од 50 евра.

Полициска станица Радовиш поднесе кривична пријава против Т.В.(68), Е.В.(57), двете од с.Ораовица, радовишко и М.П.(58) од Радовиш поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „даночно затајување". Во текот на 2016 пријавените, по претходно склучен договор за купопродажба на 983 кубни метри огревно дрво, се стекнале со приход од 2.360.220 денари. Притоа, во пријавата за приходите во 2016 не го пријавиле наведениот износ, со што се стекнале со противправна имотна

корист во висина на предвидениот пресонален данок на доход, на штета на Буџетот на Р.С.Македонија.


МИНИСТЕРСТВО

» Министер (/profilepage/minister)

» Заменик министер (/profilepage/zamenik-minister)

» Државен секретар (/profilepage/drzhaven-sekretar)

» Биро за јавна безбедност (/page/biro-za-javna-bezbednost)

АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ

» Сообраќај (/analizistatistiki/soobrakjaj)

» Јавен ред и мир (/analizistatistiki/javen-red-i-mir)

» Гранични работи (/granichni-premini)

» Криминалитет (/analizistatistiki/kriminal)

ИНСТИТУЦИИ

» Влада

инте
» Претседател

» Собрание

» Јавно обвинителство (http://www.jorm.org.mk/)

» Центар за обука (/profilepage/pomoshnik-minister-co)

ОСТАНАТИ ЛИНКОВИ

» Фото галерија (/foto-galerii)

» Видео галерија (https://www.youtube.com/user/MV

» Закажување со лични документи (/kontakt-centar)

» Адреси и контакт телефони (/Upload/Documents/Adresi-i-kontakt-telefoni.pdf)

» Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe tabindex=0&tabid=127)

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)